# ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

## *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2019 ГОДИНА*

# СОДРЖИНА

1.Вовед
1.1. Основни податоци за Општината
1.2. Буџет и Одлука за извршување на Буџетот

2. Годишна сметка
2.1. Приходи на Општината
2.2. Расходи на Општината

3.Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите

4. Извештај за користење на финансиските средства од постојана и тековна резерва

5. Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка

***1.Вовед***

***1.1. Основни податоци за Општината***

*Според податоците од последниот попис во Општина Валандово живеат 11.890 жители, од кои претежно македонци а живеат и турци, срби и роми.*

*Општината се простира на површина од 331 км2 и опфаќа 16 населени места.*

*Од буџетот на општината со втората фаза на децентрализација со средствата од блок дотациите се финансира работа на пет буџетски корисници и тоа:*

1. *ООУ ,,Јосип броз Тито " Валандово,*
2. *ООУ,, Страшо Пинџурс. Јосифово,*
3. *СОУ,,Гоце Делчев,, Валандово,*
4. *ЈОУ ,,Детска градинка ,, Калинка" ,Валандово и*
5. *ЈОУ Дом на култура ,,25-ти Мај" Валандово.*

***1.2. Буџет и Одлука за извршување на Буџетот***

*Буџетот на Општина Валандово за 2019 година е донесен на седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 27.12.2018 година. На истата седница е донесена и Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2019 година.*

*Во текот на 2019 година донесени се две Измена и дополнување на Буџетот на Општина Валандово за 2019 година и тоа првата на ден 13.06.2019 година а втора на ден 17.09.2019 година. Двете измените се донесени поради зголемување на рамка на Основен буџет на Општината.*

*Советот на Општина Валандово има донесено 2 (две) Одлуки за проширување на средствата во буџетот на општина Валаландово и тоа на сметката на дотации поради зголемување на блок дотациа во средно образование донесена на ден 30.10.2019 година и другата на сметка дотации и донации на седниците одржани на ден, 28.11.2019 година со која се зголемува блок дотасија на Дом на култура Валандово и донација во основно образование и 2 (две) Одлуки за измена на распоредот на средствата во Буџетот па Општина Валандово за 2019 година и тоа на седниците одржани на ден 30.10.2019 година и 06.12.2019 година.Промените се извршени во основниот Буџет.*

## 2. Годишна сметка

### 2.1. Приходи на Општината

*Буџетот на Општина Валандово за 2019 година се состои од :*

- *Основен буџет*
- *Дотации*
- *Приходи од самофинансирачки активности и*
- *Донации*

**Табеларен преглед на планирани и реализирани приходи:**

| Сметки | Планирано | Реализирани | % |
|---|---|---|---|
| Основен буџет | 116.068.000 | 70.251.471 | 60,52 |
| Дотации | 124.834.000 | 111.698.569 | 89,47 |
| Самофинансирачки активности | 7.964.000 | 4.771.633 | 59,91 |
| Донации | 60.304.000 | 29.316.745 | 48,61 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **309.170.000** | **216.038.418** | **69,88** |

**а) Табеларен преглед на учество на приходи по сметки во вкупно реализирани приходи во Буџетот на Општина Валандово**

| Сметки | Реализирани приходи | % |
|---|---|---|
| Основен буџет | 70.251.471 | 32,50 |
| Дотации | 111.698.569 | 51,70 |
| Самофинансирачки активности | 4.771.633 | 2,20 |
| Донации | 29.316.745 | 13,60 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **216.038.418** | **100** |

**а) Графички приказ на учество на приходи по сметки во вкупно реализирани приходи во Буџетот на Општина Валандово**



***На сметката на Основниот Буџет на Општина Валандово планирани се и реализирани следниве приходи***

| ПРИХОДИ | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО | % |
|---|---|---|---|
| **71 Даночни приходи** | **21.795.000** | **22.048.960** | **101,16** |
| 711 Данок од доход и од добивка | 1.665.000 | 1.651.713 | 99,20 |
| 713 Даноци на имот | 8.150.000 | 9.169.485 | 112,50 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 11.880.000 | 11.227.522 | 94,50 |
| 718 Такси за користење и дозволи за вршење на дејност | 100.000 | 240 | 0,24 |
| **72 Неданочни приходи** | **6.220.000** | **6.943.029** | **111,62** |
| 722 Глоби, судски и адми. такси | 270.000 | 212.146 | 78,57 |
| Административни такси и надоместици | 250.000 | 307.900 | 123,16 |
| 725 Други неданочни приходи | 5.700.000 | 6.422.983 | 112,68 |
| | | | |
| **73 Капитални приходи** | **8.106.000** | **10.216.530** | **126,00** |
| 731Продажба на капитални средства | 0 | 0 | 0 |
| 733 Продажба на зем и нем. вложувања | 8.106.000 | 10.216.530 | 126,00 |
| **74 Трансфери и донации** | **79.947.000** | **31.042.952** | **38,83** |
| 741 Трансфери од други нивоа на властаа | 79.947.000 | 31.042.952 | 38,83 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **116.068.000** | **70.251.471** | **60,53** |

*Од приложеното произлегува дека постојат поголеми отстапувања на реализираните во однос на планираните приходи, кај трансфери и донации во ставка 741 трансфери од други нивоа на власта.*

*Трансфери не се остварени во ставка 741 каде е планиран приход одобрен од централна власт за финансирање конкретни проекти и тоа: за изградба на ул. Вардарска во с. Удово, изградба на улица за поврзување на населено место Горна Мала Јосифово со регионален пат одобрени од Агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој во износ од 35.000.000,0 денари и 800.000,00 денари за изработка на Проект за изградба на систем за одведување и прочиствување на отпадни води во износ од 800.000,00 денари одобрени од Министерство за животна средина. Овие проекти во Буџетот се планирани со ребаланс на Буџет. Одобрените средства за овие проекти согласно Договорот за јавна набавка на работи за извршување ќе се трансферираат по извршена работа по претходно направена ревизија за реализација на проектот.*

Трансфери не се остварени во планираниот износ од причина што планираните инвестиции се во тек и не се завршени до крајот на буџетска година, поради тоа е низок процент на реализација.

## 2.2. Расходи на Општината

Расходната страна на Буџетот на Општина Валандово, планирана е во согласност со законските прописи, програмското планирање како и потребите на Општината.

Табеларен преглед на планирани и реализирани расходи по сметки

| Сметки | Планирано | Реализирани | % |
|---|---|---|---|
| Основен буџет | 116.068.000 | 70.251.471 | 60,53 |
| Дотации | 124.834.000 | 111.330.470 | 89,18 |
| Самофинансирачки активности | 7.964.000 | 4.558.257 | 57,23 |
| Донации | 60.340.000 | 29.316.745 | 48,58 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **309.170.000** | **215.456.943** | **69,68** |

### а) Табеларен преглед на учество на извршени расходи по сметки во вкупните расходи во Буџетот на Општина Валандово

| Сметки | Реализирани расходи | % |
|---|---|---|
| Основен буџет | 70.251.471 | 32,60 |
| Дотации | 111.330.470 | 51,70 |
| Самофинансирачки активности | 4.558.257 | 2,10 |
| Донации | 29.316.745 | 13,60 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **215.456.943** | **100** |

## а) Графички приказ на учество на расходите по сметки во вкупно реализираните расходи во Буџетот на Општина Валандово



## *Табеларен преглед на реализираните расходи во Основниот Буџет на Општина Валандово*

| РАСХОДИ | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО | % |
|---|---|---|---|
| **40 Плати, наемнини и надоместоци** | **12.610.000** | **12.428.901** | **98,60** |
| 401 основни плати и надоместоци | 7.270.000 | 7.200.667 | 99,00 |
| 402 придонеси за социјално осигурување | 2.658.000 | 2.616.741 | 98,40 |
| 404 надоместоци | 2.682.000 | 2.611.493 | 97,4 0 |
| **41 резерви и недефинирани расходи** | **450.000** | **281.429** | **62,50** |
| 412 постојани резеви | 150.000 | 0 | 0 |
| 413 тековни резерви резеви | 300.000 | 281.429 | 93,80 |
| **42 стоки и услуги** | **24.079.000** | **20.484.287** | **85,10** |
| 420 патни и дневни расходи | 490.000 | 406.308 | 93,80 |
| 421 комунални услуги, греење, ком и транспорт | 7.660.000 | 7.442.219 | 97,10 |
| 423 ситен инвентар и резеревни материјали за поправки | 1.382.000 | 1.090.454 | 78,90 |
| 424 поправки и тековно оддржување | 3.750.000 | 3.356.277 | 89,50 |
| 425 договорни услуги | 4.341.000 | 1.832.711 | 42,20 |
| 426 други тековни расходи | 766.000 | 701.778 | 91,60 |
| 427 привремени вработувања | 5.690.000 | 5.654.540 | 99,40 |
| **46 субвенции и трансфери** | **15.983.000** | **14.570.502** | **91,20** |
| 461 субвенции за јавните претприј, | 300.000 | 210.190 | 70,10 |
| 463 трансвери до невладини органи. | 1.920.000 | 1.734.900 | 90,40 |
| 464 разни трансфери | 13.763.000 | 12.625.412 | 91,70 |
| **47 социјални бенифиции** | **550.000** | **502.431** | **91,40** |
| 471 социјални надоместоци | 550.000 | 502.431 | 91,40 |
| **48 капитални расходи** | **62.396.000** | **21.983.921** | **35,20** |
| 480 купување на опрема и машини | 2.035.000 | 804.334 | 39,50 |
| 481 градежни објекти | 0 | 0 | 0 |
| 482 други градежни објекти | 60.111.000 | 21.179.587 | 35,20 |
| 485 други недефинирани средства | 250.000 | 0 | 0 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | **116.068.000** | **70.251.471** | **60,50** |

*Во однос на вкупно реализирани расходи капиталните расходи учествуваат со најголем процент кој изнесува со 31,29%, потоа стоки и услуги со 29,16%, субвенции и трансфери 20,74 %, платите и надоместоците со 17,69 %, социјалните бенифиции 0,72 % и резервите и недефинирани расходи 0,40% .*

*На крајот на буџетската година салдата на сметките во Буџетот изнесуваат:*

- *Салдото на сметката на Основниот Буџет изнесува 4.526.329 денари и се пренесува како прилив на Основниот Буџет во 2020 година.*
- *Салдото на сметката на Дотации изнесува 11.556.413 денари и се пренесува како прилив во буџет за дотации за 2020 година.*
- *Салдото на сметката на Самофинансирачки активности изнесува 1.652.232 денари и се пренесува како прилив во Буџет на самофинансирачки актно за 2020 година.*
- *Салдото на сметката на Донации изнесува 2.066.300 денари и се пренесува како прилив во Буџет на донации за 2020 година.*

### ***3. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите***

*Во рамките на Буџетот на Општина Валандово за 2019 година реализирани се следниве инвестициони програми:*

*1.Во капиталната програма ЈД – изградба и реконструкција на локални улици и патишта со Развојната програма за 2019 година планирани се средства во износ од 35.461.000 денари а се реализирани во износ од 4.398.882 денари и тоа 2.243.788 денари за асфалтирање на ул. во с. Марвинци, 2.060.256 денари за изградба на пешачка патека во с. Балинци Брајковци, 34.893,00 денари за исплатена обврска од 2018 година за асфалтирање и 59.945 за надзор над изградба. За ова програма се доставува посебен Извештај до Советот на Општина Валандово.*

*2. Во 2019 година за изградба на канализација во населеното место Брајковци и Балинци од планираните 4.800.000 денари се реализирани 4.000.000 денари. Завршување на проектот е планиран во 2019 година.*

*3.За уредување на градежно земјиште на ул Првомајска во Валандово реализирани се средства во износ од 1.234.566 денари.*

*4. Во 2019 година за изградба на градсики гробишта во Валандово од планираните 2.400.000 денари се реализирани 2.580.548 денари. Изградба на гробишта е отпочнена во 2018 година.*

*5.За изградба на објекти од инфраструктура во индустријска зона Јосифово, реализирани се средства во износ од 6.655.938 денари.*

6. Во 2019 година извршена е исплата на средства за проширување на мрежа на улично осветлување на Булевар Првомајска во износ од 1.074.324 денари.

7.За партерно уредување на простор во Детска градинка во с. Брајковци во износ од 344.734 денари и за уредување на парк околу Пензионерски дом во Валандово во износ од 353.974 денари.

8. За изготвување на основен проект на улица за поврзување Горна Мала со регионален пат во износ од 339.014 денари.

9. За учество во проект Кочулски водопади во набавка на опрема средства во износ од 713.544 денари.

10. Во буџетот на донација во 2019 година планирани се три проекта и тоа:

- Реконструкција на дел од Булеварот на ул. Првомајска со планиран износ од 11.300.000 денари од одобрените средства од Агенција за недоволно развиени подрачја на Општина Валандово. Во 2019 година реализирани се средства во износ од 10.998.911 денари. Проект е започнат во 2018 година и е реализиран во износ од 4.776.780 денари.

-Проект Евалуација и мерливост на енергетска ефикасност со вредност на проект во износ од 1.500.000 еура со пет партнери од кои три од Република Грција и два од Република Македонија. Вредноста на проект на Општина Валандово изнесува 388.213 еура а е наменет за реконструкција и спроведување на мерки за енергетска ефикасност во Детска градинка Калинка Валандово. Во овој проект Општина Валандово е носител на проект а Општина Радовиш е проектен партнер со износ на проект во износ од 288.520 еура.Во 2018 година проект е реализиран во износ од 3.873.464 денари .
Во 2019 година проект е реализиран и е исплатен во износ 8.125.700 денари.

-Проект за набавка на компјутерска опрема за потребите на основно и средно образование реализиран е во износ од 2.698.977 денари.

9. За исплата на платите на вработените и трошоците за тековно работење, во програмите Н1- основно образование, Н2-средно образование, В1- детска градинка, К1, К2 и К3- Дом на културата, се трансферирани средства во вид на блок дотација во износ од 109.228.441 денари, а се искористени средства во износ од 108.860.342 денари.Од средствата од блок дотации во 2019 година преку ставка капитални расходи реализирани се средства во износ од 4.471.646 денари и тоа за набавка на опрема 529.827 денари и мебел 1.213.019 денари за потребите на ЈОУ ДГ Калинка Валандово и за Основно и Средно образование и 2.728.800 денари за реконструкција на санитарни јазли во ЦУ Јосип Броз Тито и изготвување на

*проект за реконструкција и надградба за потребите на П.У во с. Пирава, уградување на парно греење и поставување на ламинат во просториите на П.У. во с. Удово во програма Н1 основно образование,*

*10.Во програмата ЊО за исплата на плати на вработените во противпожарната единица искористени се средства во износ од 2.470.128 денари, трансферирани на општината во вид на наменска дотација.*

### 4. *Извештај за користење на финансиски средства од постојаната и тековната резерва*

*Во Буџетот на општина Валандово за 2019 година планирани се средства за резерви во износ од 450.000 денари и тоа за постојана резерва 150.000 денари (која се наменети за отстранување на последиците од елементарните непогоди) и 300.000 денари за тековна резерва (за исплата на непредвидиви трошоци). Планираните средства од постојаните средства не се реализирани а од тековната резерва исплатени се средства во износ од 281.429 денари и тоа :*

- *30.000 денари за парична помош за смрт на вработенчлена во ЈОУ ДГ Калинка Валандово по Решение донесено од Градоначалник број 05-50/2 од 15.01.2019 година. Исплата на надоместок е регулирана со Одлука за извршување на Буџет на Општина Валандово за 2019 година,*
- *17.900 денари за погребални трошоци на фирма ангажирана за погребални услуги на починато лице од с. Марвинци, социјален случај, со Решение донесено од Градоначалник бр.05-168/2 од 31.12.2019 година,*
- *18.000 денари за погребални трошоци на фирма ангажирана за погребални услуги на бегалец од Бангладеш кој починаал на територија на Општина Валандово, по Решение донесено од Градоначалник на Општина Валандово бр.03-391/2 од 08.04.2019 година.*
- *15.000 денари финансиска подршка на Дом на култура 25-ти мај Валандово за покривање на патни трошоци за учество на Драмска секција при Домот на култура на Драмски фестивал во Јагодина, Република Србија, по Решение донесено од Градоначалник на општина Валандово бр.05-1084/2 од 28.11.2019 година,*
- *40.000 денари и 3.529 денари пресметан персонален данок по основ финансиска подршка на дваица занаетчии од Валандово. со Одлука донесена од Совет на Општина Валандово бр.08-145/13 од 06.09.2018 година и 08-133/15 од 30.10.2019 година, зголемена за персонален дано.,*
- *120.000 зголемен за персонален данок во износ од 17,000 денари за финансиска помош на фамилија од.с. Пирава за покривање трошоци за операција на нивното малолетно дете, со Одлука донесена од Совет на Општина Валандово и 08-145/11 од 28.11.2019 година.*

- *20.000 денари за парична помош за санирање на штети од пожар на паркинг плац во с. Јосифово, Решение донесено од Градоначалник бр.09-1215/3 од 12.12.2019 година.*

## 5. *Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка*

*Одговорниот сметководител потврдува дека завршната сметка за 2019 година е изготвена во согласност со позитивните законски прописи на држава и сите податоци искажани во Годишната сметка се точни и веродостојни.*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-26/3
12.03.2020 год.
Валандово

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („службен весник на РМ“ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19), член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 4, член 45 и 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на триесет и третата редовна седница, одржана на ден 12.03.2020 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2019 година

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај на Општина Валандово за 2019 година.

Составен дел на годишниот извештај се:

- Вовед;
- Годишна сметка;
- Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите;
- Извештај за користење на финансиските средства од постојаната и тековна резерва и
- Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Претседател
Владимир Марков